До Општина Битола

(Совет на Општина Битола)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 113/1 | | |

636

## Барање од јавен карактер

**Предмет :** Финансиска подршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортистите и другите физички и правни лица од областа на спортот

[redacted]бара од Совет на Општина Битола како информација од јавен карактер да одговори дали се запазени објавените критериуми за доделување на финансиска помош на спортски здруженија и поединци спортисти.

Со доделувањето на финансиска помош и подршка на спортски клубови и спортисти поединци Општина Битола ја негира работата на спортското здружени[redacted] и спортисти поединци кој и официјално се прогласени за спортисти на Битола за 2023 година. ( 3 – то место[redacted] ).

Со почит,

Дата : 25.09.2024 год.

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

638

До Општина Битола

(Комисија за спорт на Општина Битола)

## Барање од јавен карактер

**Предмет :** Финансиска подршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортистите и другите физички и правни лица од областа на спортот

[redacted]ла бара од комисијата за спорт како информација од јавен карактер да одговори на кој член е предлогот [redacted]а не биде квалификуван да добие финасиска подршка и како е гласано по истото.

Исто така бараме информација кој даде предлог и во кој колкав износ да се даде финансиска подршка за две наши натпреварувачки о[redacted] и[redacted] и како е гласано ( за и против ) на комисијата за спорт по овие прашања.

Со почит,

Дата : 25.09.2024 год.

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Василевска

Бр.11-113/2
26.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-113/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
27.09.2024

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
01.10.2024 год.
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 02-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн. |
| 11-113/3 | | | |

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-113/3 од 26.09.2024 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-113/1 од 25.09.2024год., од [redacted] од Битола, [redacted] известуваме дека Во рамките на своите програмски активности Комисијата за финансии и буџет при Советот на општина Битола врз основа на член 9 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола („Сл.Гласник на општина Битола бр.15/08 и 12/09) и Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола (,,Службен гласник на општината Битола“ бр.05/16), објавува:

- **Јавниот повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на здруженија на граѓани и фонадации,**
- **Јавниот повик за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и индивидуални спортисти**

Распределбата на средствата за здруженијата/фондации од Буџетот на општина Битола се врши преку грантови за проекти во приоритетни области и цели кои се однесуваат на:

-локален и економски развој,
-образование,
-култура,
-техниката,
-наука,
-здравство,
-спорт,
-екологија и

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

-други области.

Критериумите за аплицирање на здруженијата се делат на:

- Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите и тоа:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации (,,Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

-Да имаат седиште во општина Битола

-Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите, рангирани со бодови и тоа:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2.Релевантност на акцијата/проектот со приоритетната област (анализа на проблемот, актуелност, целна група) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 15 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

Висината на финансиските средства кои можат да се добијат за поединечен проект на здружение/фондација изнесуваат најмногу до 50.000 денари.

Воедно, Ве известуваме дека Комисијата за финансии и буџет при советот на Општина Битола, разгледувањето и доделувањето на средствата по пристигнатите предлози од Јавниот повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на здруженија на граѓани и фонадации за 2024 година и Јавниот повик за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и индивидуални спортисти за 2024 година ги запазува сите критериуми согласно усвоените законски регулативи.

Со почит,

Изработил:
Стефанија Боцевска

Раководител
Благица Василевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-113/4
02.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **25.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-113** од **25.09.2024 година**, каде бара информација за Финансиска подршка на спортски клубови, спортски здруженија и други физички и правни лица од областа на спортот (детален опис во прилог на Решението).

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-113 на ден 25.09.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за Финансиска подршка на спортски клубови, спортски здруженија и други физички и правни лица од областа на спортот.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-113/1 од 25.09.2024.
2.Допис до Одделение за правно нормативни работи со бр. 11-113/2 од 26.09.2024.
3. Одговор од Одделение за правно нормативни работи со бр.11-113/3 од 01.10.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 02.10.2024 година, под бр. 11-113/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**